# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДЕКАНОТ
# ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.10.2019 ДО 30.09.2020

**СОДРЖИНА**

1. ВОВЕД

2. ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА НАСТАВАТА

3. ИЗВЕШТАЈЗАМЕЃУНАРОДНАТАСОРАБОТКА

4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

5. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

6. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНИ ОБУКИ И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ

7. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБАИ ВЕБ СТРАНИЦАТА

8. ИЗДАВАШТВО НА ПЕРИОДИКА

## 1. ВОВЕД

Реализираните активности во изминатата година се во согласност со програмата за работата на Деканот во овој период и во согласност со одлуките на Деканатска Управа и Наставно - научниот совет на Факултетот.

Во текот на изминатата академска година преземени се и реализирани голем број активности со цел да се подобри позицијата на факултетот во многу сегменти.

Извештајот е поделен во 7 сегменти и тоа:

- Настава – Извештај за реализирани активности од областа на настава за академската 2019/2020 година, проф. д-р Димитар Николоски, продекан за настава;
- Меѓународна соработка – Извештај за реализирани активностите во областа на меѓународната мобилност на академскиот кадар и студентите за академската 2019/2020 година, проф. д-р Татјана Спасеска, продекан за меѓународна соработка и развој;
- Финансиско работење – Извештај за финансиското работење на Економски факултет-Прилеп за 2019/2020 година, проф. д-р Маргарита Јанеска, продекан за материјално-финансиски прашања;
- Научно-истражувачка работа – Извештај за работата на Центарот за научно-истражувачкаработа за 2019/20 година, проф. д-р Славица Роческа, Раководител на Центарот за научно-истражувачка работа;
- Перманентно професионално усовршување – Извештај за реализирани активности на Центарот за професионални обуки и кариерен развој за 2019/20 година, проф. д-р Гордана Витанова, раководител на Центарот за професионални обуки и кариерен развој;
- Реализирани активности во рамките на стручната служба;
- Реализирани активности во рамки на издаваштвото на периодика.

## 2. АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА НАСТАВАТА

Наставата на Економски факултет - Прилеп во академската 2019/20 година се изведуваше согласно утврдените распореди на прв, втор и трет циклус.Заради воведување на вонредна состојба предизвикана од пандемиијата со Covid-19, почнувајќи од средината на март 2020 година па, сé до крајот на летниот семестар наставата се одвиваше според моделот на настава за учење на далечина (онлајн). За реализација на наставата и спроведување на испитите, реализација на други активности во рамките на предметните програми од прв циклус на студии беа ангажирани сите наставници од Факултетот. Освен тоа, со цел континуирано изведување на вежбите на претходно објавен конкурс беа ангажирани двајца демонстратори. Пред почетокот на секој семестар, на огласната табла и на веб страната на Факултетот беа уредно огласени распоредите за изведување на наставата и колоквиумите. Во изминатата академска година наставниците и соработниците на Економски факултет-Прилеп целосно ги реализираа наставните активности според утврдениот план и програма за секој предмет на сите три циклуси. Полагањето на испитите и колоквиумите на сите три циклуси во академската 2019/2020 година се реализираше со физичко присуство на студентите, во согласност со важечките протоколи за работа во затворен простор, и според распоред определен од страна на Факултетот.

### *Изведување на онлајн настава*

Деканската управа на Економскиот факултет - Прилеп брзо реагираше на новонастанатата состојба заради воведувањето на вонредната состојба предизвикана од пандемијата со Covid-19. Имено, за реализацијата на онлајн настава се користеше платформата *Google Classroom* на која сите наставници што предаваат во летниот семестар отворија виртуелни училници со вклучување на студентите кои ја следеа наставата. За полесно прилагодување на наставниците кон онлајн наставата беше изготвено кратко упатство за работа во *Google Classroom*. Наставните програми беа во целост реализирани преку видео-конференциски предавања, поставување на материјали, задавање на домашни задачи, семинарски работи и тн. Секој наставник имаше обврска да доставува неделен извештај за изведената онлајн настава и реализацијата на останатите активности. Пред почетокот на новата академска 2020/21 година сите наставници изготвија прилагодени силабаси во рамките изменет формулар за изведување онлајн настава во претстојната академска година (Формулар бр.3). Врз основа на тоа беше изготвен Предлог план за начинот на реализација на студиските програми за академската 2020/21 година на сите студиски програми на сите три циклуси. Распоредот за изведување на часови за онлајн наставата беше изготвен и објавен на веб страната на Факултетот. За реализација на онлајн наставата на Економскиот факултет-Прилеп, предвидена е обука за наставниците, соработниците, студентите и административниот кадар со цел унапредување на нивните знаења и постигнување на подобри исходи од учењето.

### *Практична настава и стручна пракса*

Согласно одедредбите од Законот за високо образование, студентите на Економски факултет-Прилеп секоја година во текот на своите студии реализираат практична настава. Во академската 2019/2020 година, обврска да ја реализираат истата

ја имаа студентите од прва, втора, трета и четврта година од прв циклус на студии. Имајќи ја предвид оваа законска обврска Економскиот факултет-Прилеп ги обезбеди сите неопходни предуслови за непречено реализирање на практичната настава. Имено, во подготвителните активности беше формулиран дневник на активности што треба да го пополнуваат студентите-практиканти и во кој треба да биде даден краток опис опис на реализираните активности во текот на денот, сознанијата кои студентот ги стекнал, проблематиката со која се соочил и сл. Освен тоа беше дефинирана и упатница за реализирање практична настава со која студентот се упатува на реализирање практична настава како и формулар за потврда за реализирана практична настава што треба да ја потпишат преставниците на деловните субјекти каде што студентите ја реализираат праксата. Заради следење на процесот на реализација на практичната настава и потврдување за успешно реализирање на практичната настава на студентите им беа назначени и избрани следниве ментори: Проф. д-р Љупче Маркушески, Проф. д-р Игор Здравкоски, Проф. д-р Анета Ристеска-Јанкулоска, Проф. д-р Татјана Спасеска, Проф. д-р Илија Христоски, Проф. д-р Фанка Ристеска и Асс. м-р Спиро Лазароски. Практичната настава, според предвидената динамика, во целост ја реализираа сите студенти од прва, втора, трета и четврта година. Паралелно со реализацијата на задолжителната практичната настава, стручна пракса реализираа и сите студенти што во своите студиски програми имаат задолжително предвидени активности поврзани со неа.

***Промоција на дипломирани економисти и магистри***

Во духот на традицицијата на Економскиот факултет-Прилеп, изминатата академска година беше организирана промоција на дипломирани економисти и магистри по економски науки. Свеченото доделување на дипломите беше организирано на 17 декември 2019 година, при што беа промовирани нови 143 дипломирани економисти и 33 магистри кои што магистрирале или дипломирале во периодот од 10 октомври 2018 до 15 октомври 2019 година. Свеченоста се одржа во холот на Факултетот, а беа присутни голем број дипломирани економисти, магистри по економски науки, нивните родители и пријатели, како и многубројни професори и соработници. Во рамките на свечената пригода, деканот на Економскиот факултет-Прилеп проф. д-р Драгица Оџаклиеска се обрати пред присутните истакнувајќи дека е горда на новодипломираните студенти и магистри, бидејќи развојот на една национална економија зависи од квалитетот на човечките ресурси со кои таа располага. Таа истакна дека вложувањата во образованието, особено високото обрзование, претставуваат суштински фактор за етаблирање на економија заснована на знаење. Економскиот факултет-Прилеп и оваа година ја продолжи традицијата да ги наградува најдобрите дипломирани студенти доделувајќи им пригодни награди и пофалници. Оваа година како најдобри дипломирани студенти беа наградени Христина Нешкоска и Лидија Георгина Илиева со просечен успех 10,00. Покрај наградите за најдобрите дипломирани студенти, на 21 студенти што дипломирале со просечна оценка над 9,00 им беа врачени пофалници.

***Промоција на студиските програми на Факултетот***

И покрај извршените подготовки за промовирање на студиските програми на Факултетот во средните училишта во Прилеп, Битола, Крушево, Македонски Брод, Демир Хисар, Неготино и Кавадарци, заради прогласената вонредна состојба тоа беше оневозможено. Во изменетите услови на работење, промотивните активности главно се

спроведуваа преку интернет и тоа на веб страната на факултетот и социјалните мрежи. Освен тоа, во пресрет на уписите на првиот и вториот циклус студии беше изработен видео спот што беше споделуван на социјалните мрежи.

***Останати активности***

Во согласност со Конкурсот за упис на студенти во академската 2020/21 година, беа преземени сите неопходни чекори за реализација на уписот на нови студенти. Имено, непречено се одвиваше реализацијата на уписот во трите уписни рокови на првиот циклус и преземени се сите неопходни активности за успешно реализирање на активностите на вториот и третиот циклус студии. Во услови на пандемија со Covid-19 беа организирани повеќе видео-конференции и семинари на кои активно учество имаа и професори од Економскиот факултет-Прилеп, а студентите имаа можност да ги проследат.

## 3. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во академската 2019/20 година Факултетот го продолжи континуитетот во меѓународната соработка како еден од столбовите во неговиот развој. Имено, Економскиот факултет – Прилеп во рамките на Еразмус+ програмата и оваа академска година испрати 9 студенти на мобилност. Две од нив се реализираа во текот на зимскиот семестар, а останатите седум мобилности се реализираа во текот на летниот семестар и тоа на Универзитетите во Италија, Франција и Хрватска. Поради алармантноста на ситуацијата во Италија, една мобилност на Универзитетот во Фоџа беше привремено прекината и студентката се врати во Македонија, со надеж да ја продолжи по стабилизирањето на ситуацијата. Меѓутоа, имајќи ја предвид целокупната ситуација во Италија, таа се приклучи кон платформата за он-лајн учење која што ја понуди Универзитетот - домаќин. Останатите студенти одлучија да останат во земјите каде што ги затекна пандемијата, ги продоложија своите мобилностии успешно ги реализираа следејќи ја он-лајн наставата на Факултетите - домаќини, притоа почитувајќи ги препораките на надлежните власти во земјите во кои престојуваат.

Во академската 2019/2020 година беа реализирани следниве Еразмус + појдовни мобилности на студентите:

- Степанулеска Кристина, зимскисеместар 2019/20 (Фоџа, Италија)
- Дамески Никола, зимскисеместар 2019/20 (Фоџа, Италија)
- Малаковска Сара, летен семсетар 2019/20 (Ница, Франција)
- Ујунов Христијан, летен семсетар 2019/20 (Ница, Франција)
- Митреска Ангела, летен семестар 2019/20 (Фоџа, Италија)
- Емилија Велкоска, летен семестар 2019/20 (Дубровник, Хрватска)
- Трпезановска Мартина, летенсеместар 2019/20 (Дубровник, Хрватска)
- Ефтимовска Марија, летенсеместар 2019/20 (Сплит, Хрватска)
- Дивјакоски Михаил, летен семестар 2019/20 (Сплит, Хрватска)

***Појдовни Еразмус+ мобилности на академски кадар***

Планираните мобилности на академскиот кадар за летниот семестар во академската 2019-20 год. не се реализираа. Меѓутоа, Универзитетот "Св. Климент Охридски" – Битоа го продолжи договорот со Националната агенција со што на апликантите им се овозможи да ги реализираат планираните мобилности со краен рок 30.09.2021 год.

***Дојдовни Еразмус+ мобилности на академски кадар***

Во академската 2019/20 година беа најавени 6 дојдовни мобилности на академски кадар во рамките на Еразмус+ програмата, и тоа три од Полска, две од Бугарија и една мобилност од Хрватска. Имајќи го предвид фактот дека сите 6 мобилности требаше да се реализираат во текот на летниот семестар, истите се одложени за период од 12 месеци.

***Склучени меѓународни договори***

Склучени се билатерални Еразмус+ договори за мобилност меѓу Универзитетот „Св. КлиментОхридски“ - Битола и повеќе странски универзитети, и тоа:

- Warsaw University of Life Sciences, Faculty of Economics, Poland
- Czech University of Life Sciences, Faculty of Economics and Management, Prague,Czech
- Sofia University “St.Kliment Ohridski”, Faculty of Economics and Business Administration, Bulgaria

Овие договори предвидуваат двонасочна мобилност на студенти од прв, втори трет циклус на студии во времетраење од еден семестар, како и мобилност на наставен кадар за реализирање настава во времетраење од 7 дена.

Склучен билатерален договор за соработка на Економскиот факултет со Факултетот за менаџмент во Зајечар. Овој договор предвидува разни видови активности како што се:

- Размена на студенти додипломци, магистранти и докторанти;
- Програми за размена на академски кадар;
- Заеднички истражувачки активности;
- Организирање на заеднички академски и научни активности, како што се курсеви, конференции, семинари, симпозиуми или предавања;
- Размена на академски материјали и други информации итн.

***Активности во рамките на CEEPUS програмата***

Вмрежувањето на Факултетот во CEEPUS (*Central European Exchange Programme for University Studies*) програмата овозможи размена на студенти и академски кадар меѓу високообразовните институции на 20 странски универзитети. Во тој контекст, во рамките на CEEPUS III мрежата:Interdisciplinary Approach for Enhancing Knowledge in Supply Chain Analytics CIII-RS-1412-01-1920 беа планирани 2 дојдовни мобилности од ЕПОКА Универзитетот од Тирана, Албанија, како и 1 појдовна на истиот Универзитет, кои под влијание на новонастанатите околности со глобалната пандемија се откажани и истите нема да се реализираат.

***Тандеми на магистранди од УГЕНТ и УКЛО***

Економскиот факултет од Прилеп беше инволвиран во компонентата 1 од твининг проектот „Јакнење на институционалниот капацитет на Народната банка на патот кон нејзино членство во Европскиот Систем на Централни Банки”. Станува збор за интересен пристап кој што преку “тандеми” им овозможува на магистрандите од двата универзитети да соработуваат, фокусирајќи се на слични теми, но од различни национални и регионални перспективи (ЕУ и ЗападенБалкан). Тандемите на магистранди се под менторство на доц. д-р Рената Петревска Нечкоска од УКЛО како и нејзина ко-супервизија со менторот проф. д-р Геерт Поелс од Универзитетот Гент, Белгија, а се поддржани од поширока мрежа на професори, меѓу кои проф. д-р Драгица Оџаклиеска, проф. д-р Оливера Костоска, проф. д-р Ѓорѓи Манчески од УКЛО, како и професорите од факултетите на УГЕНТ.

***Учество во EU vs Virus хакатон и мачатон***

Пандемијата беше повод Европската комисија да го организира најголемиот хакатон #EU vs Virus чија цел е да се помогне во борбата против корона вирусот.Овој настан беше одржан во координација на Европскиот Совет за иновации, во соработка со 27- те земји членки на Европската Унија како и земјите - придружни членки во Хоризонт 2020 и со поддршка на Европскиот парламент, Комитетот на регионите и Европскиот економски и социјален комитет. Настанот имаше за цел да ги поврзе иноваторите, граѓанството, партнерите и инвеститорите низ Европа во правец на развивање на иновативни решенија за предизвици поврзани со коронавирусот. Факултетот имаше активно учество на настанот, при што д-р Рената Петревска Нечкоска, доцент на Економскиот факултет - Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“-Битола се вброи во лидерскиот тим на EU vs Virus и тоа во носечка улога на проектен менаџер за академски и научно-истражувачки институции.

## 4. ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Финансиското работење на Економскиот факултет – Прилеп за периодот од 01.10.2019 година до 30.09.2020 година се одвиваше според планираните активности предвидени во Годишната програма за работа на Економскиот факултет-Прилеп за 2019/20 и Финансискиот план за 2019 и 2020 година, а во согласност со Законот за високо образование, Законот за буџетите, Законот за извршување на буџетот на Република Северна Македонија, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Законот за јавни набавки, Правилникот за утврдување и исплата на плати, надоместоци на плати и други примања на вработените, како и други законски и подзаконски акти што го регулираат работењето на високообразовните институции.

Во извештајниот период, Економскиот факултет – Прилеп своето финансиско работење го извршуваше преку буџетската сметка и сметката за самофинансирачки активности. Добиените средства на буџетската сметка се строго наменски и тие во целост се искористени според намената, и тоа за: плати на вработените, надоместоци на плати, набавка на масло за греење и други трошоци поврзани со работењето на Факултетот. За овој период, пристигнатите средства од буџетот се значително поголеми во однос на претходната година. И покрај тоа што во Универзитетот "Св. Климент Охридски"-Битола буџетските приходи беа намалени како последица на владината буџетска политика поврзана со пандемијата со КОВИД 19, сепак, буџетските приходи што ги добиваше Факултетот се зголемија, и тоа по сите основи. Имено, приходите од буџетот за финансирање на режиските трошоци и екстра лесно масло за греење ЕЛ-1 за академската 2019/20 изнесуваа 6.565.586 ден., што е за 2.185.572 ден. повеќе од претходната академска година.

Приходите на сметката за самофинансирачки активности се намалија во однос на претходната година, а тоа е последица на перманентното намалување на бројот на новозапишани студенти. Овој тренд на намалување на приходите на сметката за самофинансирачки активности не се одрази негативно на работењето на Факултетот, пред се, заради зголемените приливи на буџетската сметка и заради рационалното користење на средствата со што се овозможи финасиската сигурност на институцијата.

Во извештајниот период, Факултетот доби буџетски средства од Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола за реконструкција на амфитеатар во износ од 1.200.000 денари и средства за набавка на компјутери и компјутерска опрема во износ од 610.000 денари.

Во 2020 година Факултетот доби донација на опрема и инвентар од Делегацијата на Европска Унија-Скопје (конференциска маса, два плакари, 106 конференциски столици Luna 1919, 26 работни столици Entrada и фотокопир Xerox Work Centre 5865), со што значително се подобрија условите за работа и квалитетот на наставнообразовниот процес.

Дополнително финансиско оптоварување за Факултетот претставуваат обврските по основ на добиени фактури за извршени услуги од Универзитетот. Имено,

дел од тие обврски што се однесуваа на 2014 година се исплатија претходната година, а обврските наследени од 2015, 2016, 2017 и 2018 година по претходноспоменатиот основ во износ од 1.922.870 ден остануваат како обврска што треба да ја плати Факултетот во наредниот период.

За состојбата на средствата и изворите на средствата, како и за остварените приходи и расходи во фискалната 2019 година на Економскиот факултет-Прилеп беше изготвена Завршна сметка што беше доставена до надлежните органи. Состојбата на средствата и изворите на средствата, како и приходите и расходите за периодот до завршувањето на академската година (01.01.2020-30.09.2020) ќе бидат прикажани, односно ќе бидат составен дел на Завршната сметка за фискалната 2020 година.

**5. ЦЕНТАР ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА**

Во текот на академската 2019-2020 година, заради појавата на COVID-19 пандемијата значајно беше нарушен проектираниот распоред на активности на Центарот за научноистражувачка работа заради што планираните активности не беа во целост остварени. Меѓутоа, и покрај вонредните услови и околности, сепак во академската 2019-2020 година Центарот продолжи да функционира и реализираше повеќе активности насочени кон афирмација на научната работа и зголемување на реномето на Факултетот во научната заедница на национално и меѓународно ниво. Во текот на 2019-2020 година преку Центарот за научноистражувачка работа беа реализирани следниве активности:

***Меѓународна конференција***

По повод одбележувањето на 60-годишниот јубилеј на Економски факултет-Прилеп беше успешно организирана меѓународна научна конференција со наслов: DIGITAL TRANSFORMATION OF THE ECONOMY AND SOCIETY: SHAPING THE FUTUREна која што присуствувааучесници од над 10 земји. Рефератите што беа презентирани на конференцијата се објавени во неколку публикации, и тоа: Зборник на апстракти, Зборник на трудови и специјално издание на научното списание на УКЛО "Хоризонти".

***Коорганизаторство на конференции***

Во доменот на организацијата на научни собири Факултетот ја продолжи традиционалната соработка со Универзитетите од Турција, Бугарија и Босна и Херцеговина и активно учествуваше како ко-организатор на следниве научни конференции. Во соработка со Универзитетите: „Намик Кемал" од Текирдак (Турција) и Универзитетот за агробизнис и рурален развој од Пловдив (Бугарија) беа организирани две конференции: XIII International Balkan and Near Eastern Social Sciences Congress Series on Economics, Business and Management, IBANESS Congress Series-Tekirdağ / TURKEY October 05-06, 2019 Tekirdağ, TURKEY; XIV. International Balkan and Near Eastern Congresses Series on Economics, Business and Management, September 26-27, 2020, Plovdiv/Bulgaria (заради КОВИД-19 конференцијата е организирана online). Факултетот ја продолжи успешната соработка со Економски факултет Тузлакако корганизатор на научната конференција 6.International Scientific Conference "Economy of Integration" - ICEI 2019.

***Подготовка на научно списание SERBE***

Во рамките на Центарот беа реализирани активностите за издавање на меѓународно научно списание со наслов: SOUTHEAST EUROPEAN REVIEW OF BUSINESS AND ECONOMICS- SEERBE. Во овој контекст се изрши селекција и рецензија на трудовите, изработка на дизајн и техничка подготовка на списанието и беа публикувани првите два броја на списанието во електронска форма. Исто така, се спроведени соодветни подготвителни активности за објавување на печатени верзии на списанието.

***Научна соработка со други институции***

Како резултат на соработката помеѓу Регионалната занаетчиска комора-Прилеп и Економскиот факултет-Прилеп беше реализиран Истражувачкиот проект за Влијанието на КОВИД-19 пандемијата врз малите и микро бизниси во старата прилепска чаршија.

## 6. ЦЕНТАР ЗА ПРОФЕСИОНАЛНИ ОБУКИ И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ

Центарот за професионални обуки и кариерен развој е основан со цел да нуди консултански услуги, обуки и квалификациски програми за професионално усовршување, доживотно учење и кариерен развој и на тој начин да се интензивира процесот на проширување на соработката со бизнис заедницата. Основна задача на Центарот е да нуди консултански услуги, обуки и квалификациски програми за професионално усовршување и доживотно учење. Реализацијата на ваквите услуги претпоставува организирање курсеви за едуација на вработените во стопанството и нестопанството, обезбедување на стручна помош (експертизи, вештачења, анализи и студии) креирање програми согласно потребите на деловните субјекти и субјектите од нестопанството. Во насока на воспоставување континуирана соработка со бизнис заедницата, приватни и јавни институции во изминатиот период Центарот презеде неколку активности.

До сите професори и останатиот кадар на факултетот беше доставено барање да достават понуди и предлози за потенцијалните обуки коишто би можеле да ги организираат за потребите на деловниот сектор и нестопанството.

Врз основа на прибраните понуди од страна на кадарот на факултетот се изготви анкетен прашалник коишто беше доставен до деловните субјекти за да се обезбедат податоци за нивните потреби, со можност да предложат и тие области за кои би сакале да им се одржат обуки. Овој анкетен прашалник електронски беше доставен до поголем број субјекти од стопанството и нестопанството од Пелагонискиот регион, за идентификација на потребите за обука. Со овој прашалник потенцијалните субјекти беа информирани за постоењето на Центарот, неговата цел и услугите коишто може да им ги понуди. Воедно потенцијалните корисници на услугите од Центарот беа информирани дека обуките може да се вршат во просториите на факултетот или во просториите на самиот субјејкт, во зависност од тоа како повеќе му одговара на истиот. Воедно во Пршалникот беше доставена и понудата на услугите коишто може да им ги обезбеди Центарот како што се:креирање бизнис план, даночно сметководство, маркетинг во бизнисот,креативност и иновации, мерење на задоволството на купувачите,тактички менаџмент, управување со промени, практично сметководство, управување со проекти, проектен менаџмент, техники и вештини за продажба, меки вештини, примена на техники за креативност во работењето, актуарска математика, брендирање и бренд менаџмент, маркетинг метрика, маркетинг на организациски перформанси, маркентинг коминикации, е-маркетинг, финансиска анализа, анкетирање, статистички софтвер, статистичка анализа, напреден excel за финансиско планирање и маркетинг истражување.

Врз основа на добиените податоци од деловните субјекти беа договорени средби со неколку деловни субјекти за конкретизирање на започнување со обуки. Беше закажана средба за реализација на обуки на вработените во Kromberg & Scubert, деловен субјект од автомобилската индустрија лоциран во ТИР зоната Жабени-Битола. Меѓутоа истата не се реализира поради состојбата која ја предизвика корона вирусот Ковид-19. Имено, на 18.03.2020 година беше прогласена вонредна состојба во целата држава во траење од 1 месец. После ова компанијата презеде низа мерки за заштита на вработените од корона вирусот, меѓу кои и откажување на активности коишто не се поврзани со производниот процес. Со менаџментот на компанијата е договорено со реализација на обуките да се започни во наредниот период.

Во периодот од 01 Јануари до 25 Декември 2019 година преку Центарот за перманентно професионално усовршување при Економски факултет Прилеп се реализира мултидисциплинарна проектна задачасо социјално-општествена компонента под наслов „УКЛО за заедницата“во соработка на Економски факултет Прилеп, Технички Факултет Битола и основните училишта Елпида Караманди Битола и Кире Гаврилоски Јане Прилеп. Со фокус на ПРОЕКТЕН МЕНАЏМЕНТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИТЕ АЛТЕРНАТИВИ ДО ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО БИТОЛА И ПРИЛЕП проектната соработка имаше за цел активно вклучување на студентите од УКЛО во општата цел на работата на групите: Адресирање на проблем на општествената заедница и генерирање на решенија и комплетна документација за проект за решавање на проблемот. Оспособување на сите вклучени страни (а особено студентите) за мултидисциплинарно анализирање и решавање на проблемите и градење на применливи знаења, вештини и компетенции (вклучувајќи и претприемништво и социјално претприемништво).

Во оваа проектна активност беа вклучени 50-тина студенти (од двата факултети) коишто ги слушаат предметите: Проектен менаџмент (Економски Факултет Прилеп) и Техники на управување на сообраќајот; Напредни технологии во управувањето со сообраќајот (Технички Факултет Битола), но поширокиот ранг на Поширок ранг на стехјкхолдери: студенти, професори, вработени во основни училишта, општини, родители, деца.

На проектната соработка и претходеше иницирање на контакти, дискусии и анализа на можностите за соработка, посета на училиштата од соодветните предметни наставници, и кларификација на соодветни проблеми кои би можеле да се адресираат низ еден ваков проект, потпишување на Меморандум на соработка меѓу сите страни. Настанот на кој студентите ги презентираа решенијата, учениците своите изработки, а сите стејкхолдери своите искуства, се одржа на Економскиот Факултет Прилеп. Сите учесници во проектната задача УКЛО за заедницата добија: сертификат за учество во проектна задача на македонски и англиски јазик, потврда за реализирана пракса, како и поени за проектна задача по соодветните предмети.

Во месец февруари до Центарот за професионални обуки и кариерен развој пристигна барање за супер вештачење од страна на Основниот суд во Битола на неколку работни спорови. Ова барање беше одбиено затоа што деловниот субјект за којшто требаше да се направи супер вештачењето беше неликвиден и не беше во ситуација да ја плати бараната услуга и доставените барања им беа вратени назад.

## 7. СТРУЧНА СЛУЖБА И ВЕБ СТРАНА

Стручната служба успешно ги извршува своите секојдневни активности, неопходни за непречено обавување на дејноста на факултетот, како и задоволување на потребите на студентите во текот на студирањето. Беше организирана промоција на дипломирани и магистрирани студенти во декември 2019 година, при што на најдобрите студенти за остварениот успех им се доделени награди.

За целите на тековното функционирање и одржување на имотот и опремата на факултетот беа спроведени повеќе постапки за јавни набавки, согласно обезбедените финансиски средства и важечките Годишни планови за јавни набавки. Со обезбедени финансиски средства од Универзитетот „Св.Климент Охридски“-Битола и МОН, спроведени се постапки за јавни набавки за Подобрување на инфраструктурата на објектот (обновување на подот, замена на старата столарија, тапацирање на дел од мебелот итн.) во амфитеатар 5, како и набавка на компјутерска опрема (компјутери и тонери).

Во согласност со Законот за административните службеници и Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Климент Охридски” во Битола,Економски факултет – Прилеп, не беа реализирани нови вработувања или престанок на работен однос во рамките на административната служба.Согласно Законот за административни службеници, континуирано се следат и исполнуваат законските обврски.

Исто така, во рамките на стручната служба континуирано се преземаат мерки за подобрување на техничките и организационите капацитети, со цел поефикасна заштита на личните податоци на вработените и студентите на факултетот, подобрување на мерките за противпожарна заштита, безбедност и здравје при работата на вработените итн.

Поради настанатата ситуација со корона вирусот Covid-19 изборите на Претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Економски факултет-Прилеп се одржаа на 24.09.2020 година, и истите поминаа во фер и регуларни услови, без никакви проблеми. Во реализацијата на истите беа вклучени изборна комисија и одбори сочинети од наставници и студенти, согласно Статутот на Факултетот и Статутот на ФСС.

Веб страницата на Економски факултет-Прилеп овозможува негово претставување во виртуелниот простор. Во рамки на веб страницата презентирани се основни информации за факултетот, наставниот кадар, структурата на студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии, како и останати тековни информации. Меѓу тековните информации што континуирано се објавуваат на веб страницата на Факултетот се: Распореди за изведување на наставата на сите циклуси на студии, распореди за колоквиумските недели, распореди за изведување на испити во испитните сесии, резултати од спроведени колоквиуми и испити, соопштенија за тековната работа и тн.

Изминатата академска година на веб страната на Факултетот беше изработен посебен линк за сите информации што се однесуваат на изменетите услови на работење заради пандемијата со Covid-19. Во тој контекст, презентирани се Стратегијата на УКЛО за реализација на наставно-образовниот процес во услови на пандемија со Covid-19, Кодексот на комуникација при учење на далечина, Протоколите за постапување на единиците во состав на УКЛО при изведување на испитите, Протокол за одбрана на дипломски работи, магистерски и докторски трудови, Известување за носење на заштитна опрема и тн.

## 8. ИЗДАВАШТВО НА ПЕРИОДИКА

Почнувајќи од декември 2011 година Економски факултет-Прилеп започна да го издава списанието „Еквилибриум“. Со одлука на Деканот на Економски факултет-Прилеп (Бр.02-3334/1) формиран е редакциски одбор на списанието во чиј состав моментално влегуваат: проф. д-р Димитар Николоски, проф. д-р Марјан Ангелески, проф. д-р Драгица Оџаклиеска, проф. д-р Мери Бошкоска, проф. д-р Анета Ристеска-Јанкулоска и виш лектор Зоран Николовски. Сите текстови во списанието се лекторирани од страна на виш лектор Зоран Николовски, а за техничката обработка и дизајнот е задолжена Виолета Глигоровски.

Целта на „Еквилибриум“ е публикување на активностите на Економски факултет-Прилеп заради нивно популаризирање меѓу студентите, партнерските институции и пошироката јавност. Покрај информации за тековните активности во Факултетот, се објавуваат информации за соработка со други универзитети и институции, како и информации за активностите на Студентски парламент и AIESEC. Во рамките на списанието „Еквилибриум“ веќе се етаблирани повеќе рубрики како што се: Интервју со гостин-предавач на актуелна тема, претставување на влијателни економисти, интересни написи за популаризација на економската наукаи сродните дисциплини.

Во изминатата академска 2019/20 година „Еквилибриум“ продолжи да се објавува во електронски облик на веб страницата на Факултетот, при што беа објавени два броја и тоа број 29 и број 30. Фокусот на последниот број од Еквилибриум беше врз корона кризата и нејзините економски импликации, а истиот, покрај во електронски облик беше објавен и како печатено издание. Дизајнот на списанието е современ и покрај текстовите содржи голем број фотографии преку коишто се документираат активностите во Факултетот.Гласилото на Економски факултет-Прилеп „Еквилибриум“ наидува на голем одзив кај студентите, но и кај пошироката читателската јавност. Вредно е да се истакне дека голем број наставници, соработници и студенти во Факултетот, пројавуваат интерес да пишуваат интересни статии и да ги презентираат во овој медиум.

Почнувајќи од декември 2019 година Економски факултет-Прилеп започна да го издава меѓународното научно списани *Southeast European Review of Business and Economics* (SERBE). Ова списание е засновано врз богатото академско и публицистичко наследство вкучувајќи го Годишникот на Економски факултет-Прилеп и зборниците на трудови од голем број меѓународни конференции. Врз основа на оваа традиција, интенција на списанието е објавување на оригинални трудови кои претходно не биле публикувани во други списанија. Целта на SERBE е да им овозможи на истражувачите да ги презнтираат нивните истражувачки сознанија во сферата на бизнисот и економијата и да помогне во градење на алатернативни пристапи за третирање на актуелните економски проблеми. Во текот на изминатата 2019/20 година беа публикувани првиот и вториот број на SERBE во кои беа поместени избрани трудови од XI Меѓународна конференција „Дигитална трансформација на економијата и општеството: Обликување на иднината“ која беше оджана на 19-20 октомври, 2019 година во Прилеп. Освен тоа, подготвен е и повик за трудови за третиот број на SERBE кој се планира да биде публикуван во декември 2020 година.

Декан

проф.д-р Драгица Оџаклиеска